РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-3775/2
28.04 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24-а став (5) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16) и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр.19-2249/1 од 05.03.2013 и бр.20-2928/1 од 02.03.2017 година, Министерството за образование и наука донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта по наставниот предмет Математика

1. Се акредитира Сојуз на математичари на Македонија - Скопје за организирање на натпревари на учениците од средните училишта по наставниот предмет Математика.
2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Сојуз на математичари на Македонија - Скопје бр.12-3775/1 од 17.03.2017 година.
3. Акредитацијата од точка 1 на ова Решение е за период од три години.
4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Министерството за образование и наука објави Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта бр. 12-3065/1 од 06.03.2017 година, на кој Сојузот на математичари на Македонија - Скопје поднесе барање за акредитација бр.12-3775/1 од 17.03.2017 година. Согласно член 24-а став (5) од Законот за средното образование, Министерството за образование и наука, на предлог на Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта, врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр.19-15111/1 од 25.12.2013

година и 20-8779/1 од 20.04.2015 година, утврди дека Сојузот на математичари на Македонија - Скопје, ги исполнува основните критериуми за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта утврдени во член 24-а став (7) од Законот за средното образование и ја достави потребната документација наведена во Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта и го акредитира за период од три години, согласно член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр. 19-2249/1 од 05.03.2013 година и бр. 20-2928/1 од 02.03.2017 година.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

*Упатство за правно средство:* Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

Министерство за образование и наука
Министер,
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * СКОПЈЕ * 3

Доставено до:
- архива
- Здружението
- Биро за развој на образованието